ДОМ НА КУЛТУРА
„ИЛИНДЕН“
бр. 01-02/1
03.02.2026
ДЕМИР - ХИСАР

ДОМ НА КУЛТУРА „ИЛИНДЕН“
ДЕМИР ХИСАР

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДОМ НА КУЛТУРАТА “ИЛИНДЕН” ДЕМИР ХИСАР ЗА 2025 ГОДИНА

## Вовед

Општинската установа Дом на културата “Илинден” од Демир Хисар е дефинирана како установа која се грижи за програмско и функционално поттикнување и развој на културата во Општина Демир Хисар согласно законот.

Институцијата во минатата календарска година организираше повеќе културни настани преку кои се презентираа и промовираа највисоките вредности на културното и уметничко наследство и творештво со кои се допринесе за подобрување на културните перформанси и збогатување на културните содржини на општината.

Поаѓајќи од својата функција утврдена со Закон и Статут во рамките на својата основна дејност ОУ Дом на културата “Илинден” Демир Хисар ги врши следните дејности: Музичка дејност, Библиотечна дејност, Сценско уметничка дејност, Киноприкажувачка дејност, Литературна дејност и Издавачка дејност и организираните настани беа во рамките на овие дејности.

Културните настани кои беа организирани опфатија поголема група на љубители на различни културни стилови и генерации. Програмата која се реализира опфати разновидни културни настани и активности: театарски претстави, изложби, музички концерти, фолклорни манифестации, литературни манифестации, кино проекции, мултимедијални манифестации и др. Покрај вработените во институцијата за реализација на дел од активностите, проектите и настаните беа ангажирани и надворешни соработници со што се доби на квалитет во реализација на истите.

Реализацијата на културните настани значително го подигнаа нивото на културниот живот, а воедно, во некој процент придонесоа и за збогатување на туристичката понуда на општината.

Реализацијата на активностите се изврши во соработка со Локалната самоуправа и Министерството за култура на Р.С. Македонија преку проекти и други форми на поддршка.

Исто така, минатата година беа реализирани низа на проекти за санација, унапредување и осовременување на самиот објект на Домот на културата, кои ќе допринесат за непречено реализирање на сите активности во иднина.

## Статистички преглед на активности и настани во Домот на културата за 2025 год.

Во текот на минатата календарска година беа реализирани:

- Од областа на сценската дејност: 4 театарски претстави;
- Од областа на галериско – изложбената дејност: 7 изложби;
- Од областа на киноприкажувачката дејност: 2 кино проекции;
- Од областа на музичката дејност: 3 музички концерти и настани;
- Од областа на литературната и издавачката дејност: 6 распишани литературни конкурси за поезија и проза, организирани 6 поетски манифестации, 3 промоции на книги, 9 учества на поетски манифестации низ државата и 7 издадени книги;
- Од областа на библиотечната дејност: набавени се 168 нови наслови на литературни дела; во библиотеката се пристигнати 3 донации со вкупно 114 книги, во библиотеката во 2025 година се евидентирани 312 членови, а изнајмени на читателите се 1.079 книги, организиран е општинскиот натпревар “Млади библиотекари”, учество на републичкиот натпревар “Млади библиотекари” во Кичево, учество на собрание и семинари од областа на Библиотекарството, организирани се посети на ученици на библиотеката, доделени се ваучери на сите првоодeленци во општинските училишта за бесплатно членство во библиотеката, реализирана е традиционалната акција “Подарок книга за секој ученик во општинските училишта” во соработка со роднокрајниот писател Раде Силјан и Издавачката куќа “Матица Македонска”, доделени се признанија и награди на најдобрите читатели во библиотеката за 2025 година;
- Од областа на фолклорот: реализирани се 25 настани од областа на фолклорот, меѓу кои настапи на КУД “Илинден” Демир Хисар на локални и национални манифестации, учество на меѓународен петдневен етно – фолк камп, организирана е една меѓународна турнеја во Р. Бугарија, учество на членови на КУД “Илинден” Демир Хисар на семинари и обуки од областа на фолклорот, набавени се делови од народни носии (опинци, панталони и други помали декоративни елементи);
- Други настани и манифестации во Домот на културата: Дводневна манифестација со работилници за креирање на краткометражни филмови “Блендер 2025 – Фестивал на децентрализирана култура” во соработка со Торос

филм студиос од Скопје; Манифестација по повод 80 годишнината од основањето на Црвен крст на Македонија, ПХВ ШОУ – хуманитарна манифестација, Летно кино на отворено, Одбележување на ПХВ неделата и крводарителски акции во организација на ООЦК Демир Хисар; Предавање во рамки на одбележувањето на Розов октомври во организација на Здравствен дом Демир Хисар; Научни предавања во рамки на одбележувањето на 14 ноември – Светскиот ден на дијабетот во организација на Здружението "Сончева светлина" Демир Хисар; Мултимедијалната манифестација "Виктор – силата на споменот" во организација на Здружението "Виктор Илиовски" Демир Хисар; Приредба по повод патронатот на ООУ "Гоце Делчев" Демир Хисар; "Збогум градинке" - годишна приредба на Детската градинка; Манифестација по повод отворањето на Спомен – собата на Радио Демир Хисар;

- Медиумско преставување на Домот на културата "Илинден" Демир Хисар: Учество на КУД "Илинден" и презентација на активностите на Домот на културата "Илинден" Демир Хисар во емисија "Везилка" на ТВ Алфа, презентација на активностите на Домот на културата "Илинден" Демир Хисар во емисија "Во еден кадар" на ОТВ Прилеп, учество и презентација на активностите на Домот на културата "Илинден" Демир Хисар во утринската програма на МРТВ, промовирани се активностите на Домот на културата "Илинден" Демир Хисар во порталите: "Читај бе", "Инфокомпас". "Информација.МК", "МИА", "Станица.МК", "МКД.МК" и во весниците: "Нова Македонија", "Вечер" и "Пензионер плус";
- Во текот на годината Домот на културата соработуваше со: Сојузот на фолклорни ансамбли на Македонија, КУД "Илинден" Битола, НУ "Танец" Скопје, Фестивал "Весел Петок" Битола, Фестивал "Пображење" Вевчани, КУД "Јане Сандански" Мелбурн, Австралија, "Торос филм студио" Скопје, "Весел театар" Прилеп, ЕЦ "Едусфера" Битола, Фестивалот "Илинденски денови" Битола, "Театар Хит" Скопје, Центар за култура "Кочо Рацин" Кичево, Дом на културата "Драги Тозија" Ресен, Дом на културата "Македонски брод" Македонски брод, Дом на културата "Иван Мазов Климе" Кавадарци, Дом на културата "Наум Наумовски Борче" Крушево, НУ "10 дена Крушевска република" Крушево, Друштво на ликовни уметници Битола, Библиотекарско здружение на Македонија, НБ "Борка Талевски" Прилеп, Друштво за

архитектура, дизајн и култура "Артифакт" Скопје, Музеј на град Неготино, Издавачка куќа "Матица Македонска" Скопје, Центар за креативни индустрии "Небо", ООЦК Демир Хисар, Здружение на пензионери Демир Хисар, ОО Сојуз на борци Демир Хисар, ООУ "Гоце Делчев" Демир Хисар, ООУ "Браќа Миладиновци" Жван, ООУ "Даме Груев" Смилево, ООУ "Кирил и Методиј" Бучин, СОУ "Крсте П. Мисирков" Демир Хисар, Детска градинка "2-ри Септември" Демир Хисар и други;

- Инфраструктурни зафати и набавки: Поставена е пвц ограда кај северниот влез на Домот на културата, направена е санација на дел од олуците на Домот на културата, доуредена е просторијата во која е сместена Спомен собата на Радио Демир Хисар, набавени се нови "стази - патеки" за во ходниците на административниот дел од зградата, набавени се нови завеси за во фоајето на Домот на културата, набавени се нови микрофони и аудио кабли за надополнување на аудио опремата со која располага Домот на културата, извршена е делумна реконструкција на светлосниот парк во големата сала на Домот на културата, набавени се 2 нови инвертер клими за канцелариите во административниот дел на Домот на културата, набавен е нов десктоп компјутер кој ќе се користи како дел од кино опремата која е во план да се набави во следната 2026 година;
- Проекти со Министерството за култура на РСМ: реализирани се 7 проекти од Годишната програма на Министерството за култура на Р.С. Македонија за 2025 година: ("Национален фолклорен фестивал – Велигденски фолклорни средби Демир Хисар 2025", "Одек низ векови – Годишен концерт на КУД Илинден Демир Хисар 2025", "Набавка на нови книги и лектирни изданија за НБ Петре М. Андреевски", "X Рок хепенинг Демир Хисар 2025", "Манастирско поетско ехо 2025", "Превземање на изложби", "Спомен соба на Радио Демир Хисар – 2 фаза"), аплициравме со 8 проекти на конкурсот за Годишната програма на Министерството за култура на Р.С. Македонија за 2026 година и издадовме 10 согласности за соработка во други проекти и користење на просториите на Домот на културата во рамките на истоимениот конкурс.

| Табеларен преглед на реализирани активности и настани во 2025 година | | |
|---|---|---|
| **Р.б.** | **Дата** | **Активност / Настан / Манифестација** |
| 1 | 31.01.2025 | Литературен конкурс за поезија “Љубовта и виното” |
| 2 | 13.02.2025 | Поетско читање “Љубовта и виното” |
| 3 | 21.02.2025 | Литературен и ликовен конкурс по повод 8-ми март – Интернационалниот ден на жената |
| 4 | 07.03.2025 | Поетско читање и доделување на награди за најдобрите творби од Литературниот и ликовниот конкурс по повод 8-ми март – Интернационалниот ден на жената и отворање на Изложба на ликовни дела |
| 5 | 11.03.2025 | Манифестација “80 години Црвен крст на Македонија” |
| 6 | 26.03.2025 | Излезе од печат детската сликовница “Среќа со панделка” од Лидија Крстевска, член на ЛК “Изгрев” Демир Хисар во издаваштво на Дом на културата “Илинден” Демир Хисар |
| 7 | 28.03.2025 | Гостување на КУД “Илинден” Демир Хисар во емисија “Везилка” на ТВ Алфа |
| 8 | 02.04.2025 | Одбележување на 2-ри април – Светскиот ден на литературата за деца и млади со децата од Детската градинка “2-ри септември” и промоција на сликовницата |
| 9 | 03.04.2025 | Литературен конкурс за поезија по повод Светскиот ден на книгата и авторското право |
| 10 | 13.04.2025 | Национален фолклорен фестивал “Велигденски фолклорни средби” Демир Хисар 2025 |
| 11 | 15.04.2025 | Изложба на скулптури на Благоја Секуловски |
| 12 | 16.04.2025 | 23-та Пензионерска ревија на песни, музика и игри Демир Хисар 2025 |
| 13 | 23.04.2025 | Општински натпревар “Млади библиотекари” |
| 14 | 24.04.2025 | Настап на втората група од детскиот ансамбл при КУД “Илинден” Демир Хисар на првиот фестивалски ден од Детскиот фолклорен фестивал “Весел петок” во Битола |
| 15 | 25.04.2025 | Театарска претстава за деца “Шумската принцеза” во изведба на Театар Хит од Скопје |

| | | |
|---|---|---|
| 16 | 26.04.2025 | Настап на првата група од детскиот ансамбл при КУД "Илинден" Демир Хисар на третиот фестивалски ден од Детскиот фолклорен фестивал "Весел петок" во Битола |
| 17 | 28.04.2025 | Излезе од печат книгата "Демирхисарски гордости" од Проф. Д-р Менде Солунчевски, член на ЛК "Изгрев" Демир Хисар во издаваштво на Дом на културата "Илинден" Демир Хисар |
| 18 | 02.05.2025 | Приредба по повод патрониот празник на ООУ "Гоце Делчев" Демир Хисар |
| 19 | 07.05.2025 | Учество на членовите на ЛК "Изгрев на Поетска манифестација "11 поетски поздрав на Четрсе" во Штип |
| 20 | 09.05.2025 | Учество на Републички натпревар "Млади библиотекари" во Кичево |
| 21 | 10.05.2025 | Манифестација на доделување на признанија и читање на наградените поетски творби од литаратурниот конкурс по повод Светскиот ден на книгата и авторското право |
| 22 | 11.05.2025 | Учество на членовите на ЛК "Изгрев" на поетската манифестација "Вознес" во Битола во организација на Фондација "Такец" од Битола |
| 23 | 15.05.2025 | Настап на КУД "Илинден" Демир Хисар со културно – уметничка програма на празнувањето на Св.Атанасиј во Сопотница |
| 24 | 16.05.2025 | Манифестација "80 години од победата на фашизмот" во организација на ОО Сојуз на борци Демир Хисар |
| 25 | 24.05.2025 | Учество на членовите на ЛК "Изгрев" на 8-мата книжевна средба "Завештание" во Бабино |
| 26 | 24.05.2025 | Настап на КУД "Илинден" Демир Хисар на Меѓународниот фолклорен фестивал "Брвеница игра и пее" во Брвеница |
| 27 | 25.05.2025 | Манифестација "ПХВ - Шоу" во организација на ОО Црвен крст Демир Хисар |
| 28 | 27.05.2025 | Излезе од печат збирката раскази "Мренога меѓу сонот и јавето, кога случките ќе се преточат во раскази" од Драге Пајковски во издаваштво на Дом на културата "Илинден" Демир Хисар |
| 29 | 31.05.2025 | Учество на членовите на ЛК "Изгрев" на "Мајските поетски средби" во Прилеп во организација на НБ "Борка Талевски" Прилеп |

| | | |
|---|---|---|
| 30 | 02.06.2025 | Настап на 4-та група при КУД “Илинден” Демир Хисар на 18-тото издание на Меѓународниот фолклорен фестивал “Д-р Владимир Полежиновски” во Кичево |
| 31 | 04.06.2025 | Излезе од печат детската сликовница “Букволенд: патување низ светот на буквите” од Сања Стровјановска во издаваштво на Дом на културата “Илинден” Демир Хисар |
| 32 | 07.06.2025 | Поетско читање и промоција на збирката песни “Симфонија на тагата” од група автори посветена на прерано згаснатиот живот на поетесата и член на ЛК “Изгрев” Сузана Пандиловска |
| 33 | 12.06.2025 | “Збогум Градинке” – Завршна годишна приредба на децата од Детската градинка “2-ри Септември” Демир Хисар |
| 34 | 14.06.2025 | Учество на КУД “Илинден” Демир Хисар на Саемот за пчеларство и пчелни производи Демир Хисар 2025 |
| 35 | 16.06.2025 | Изложба „Тешкотиите ќе исчезнат, но доброто дело ќе остане - Македонската „робинзонијада“ на семејството бегалци Малахови“ во соработка со Друштвото за архитектура, дизајн и култура “Артифакт” од Скопје и во рамките на проектот - патувачки изложби Музеум Линк, во организација на Јасминка Намичева, кустос советник во Музеј на Град Скопје |
| 36 | 17.06.2025 | Литературен конкурс за поезија за Меѓународната поетска манифестација “Славко Крстевски” |
| 37 | 27.06.2025 | Промоција на книгата “Демирхисарски гордости” од Менде Солунчевски |
| 38 | 27.06.2025 | “Летно кино на отворено” во соработка со ОО Црвен крст Демир Хисар |
| 39 | 28.06.2025 | Учество на членови на ЛК “Изгрев” на поетската манифестација “Охридски поетски бисер 2025” во Охрид |
| 40 | 04.07.2025 | Изложба на фотографии “Златниот антички наод од с.Тремник, Неготино” во соработка со Музеј на град Неготино |
| 41 | 05-06.07. 2025 | Фестивал на децентрализирана култура “Блендер 2025” во кој беа вклучени: Работилница за “One minute video” и Проекции на филмови во соработка со Торос филм студиос од Скопје |
| 42 | 08.07.2025 | Настап на оркестарот при КУД “Илинден” Демир Хисар заедно со КУД “Јане Сандански” од Мелбурн, Австралија на 64-тото издание на Балканскиот фестивал за народни песни и ора во Охрид |

| | | |
|---|---|---|
| 43 | 09.07.2025 | Стенд ап комедија со Бојан Велевски |
| 44 | 12.07.2025 | Литературен конкурс за поезија за учество на XII издание на Поетската манифестација “Манастирско поетско ехо” |
| 45 | 15-22.07.2025 | Летна турнеја на КУД “Илинден” Демир Хисар во Несебар и Сончев брег, Р.Бугарија – Освоена прва награда за најдобар сценски настап на фестивалот “Фолклорни нијанси 2025” |
| 46 | 16.07.2025 | Театарска претстава “Синиот портокал” во изведба на Театар “Јордан Хаџи Константинов Џинот” Велес во организација на Центар за креативни индустрии “Небо” |
| 47 | 25.07.2025 | Фестивалски караван на “Илинденски денови” во Демир Хисар Концерт на Културно уметничкото друштво “Ballet Folklorico Del Ateneo Fuente, Saltillo, Coahuila” од Мексико |
| 48 | 26.07.2025 | Поетска манифестација “Славко Крстевски” |
| 49 | 26-30.07.2025 | Учество на седум членови на КУД “Илинден” Демир Хисар на Семинарот за традиционална музика и игра во рамки на републичкиот фестивал „Илинденски денови“ во Битола |
| 50 | 29.07.2025 | Учество и настап на КУД “Илинден” Демир Хисар на 55-тото издание на Републичкиот фестивал на народни песни и игри “Илинденски денови” во Битола – Освоена прва награда за најдобар ансамбл кој интерпретира традиционална музика и игра |
| 51 | 30.07.2025 | Настап на КУД “Илинден” Демир Хисар на Манифестација “Предилинденска комитска квечерина” во Журче |
| 52 | 02.08.2025 | Настап на КУД “Илинден” Демир Хисар на Манифестација “Илинден во Смилево” |
| 53 | 03-08.2025 | Учество на членови на детските ансамбли на КУД “Илинден” Демир Хисар на Меѓународниот етно камп “Ѓердан од бисери” во Охрид |
| 54 | 06.08.2025 | Настап на КУД “Илинден” Демир Хисар на Манифестацијата “10 дена Крушевска Република” во Крушево |
| 55 | 09.08.2025 | Учество на членови на ЛК “Изгрев” на Поетската манифестација “Поетско Маркукуле” во Прилеп |
| 56 | 15.08.2025 | Музичка манифестација “Рок Хепенинг” Демир Хисар |
| 57 | 17.08.2025 | Настап на КУД “Илинден” Демир Хисар на 15-тото издание на Меѓународниот фестивал на народна култура “Пображење” во |

| | | |
|---|---|---|
| | | Вевчани – Освоена првата награда “Чувари на традицијата” за најуспешна презентација на традиционален фолклор |
| 58 | 18.08.2025 | Посета на Домот на културата “Илинден” Демир Хисар од Министерот за култура и туризам на Р.С. Македонија, Г-дин Зоран Љутков |
| 59 | 21.08.2025 | Излезе од печат Збирката поезија “Манастирско поетско ехо” од група автори во издаваштво на Дом на културата “Илинден” Демир Хисар |
| 60 | 23.08.2025 | Поетска манифестација “Манастирско поетско ехо” |
| 61 | 02.09.2025 | Свечена седница на Советот на Општина Демир Хисар |
| 62 | 03.09.2025 | Џез концерт на Сашо Поповски трио – Промоција на албумот “Steps” |
| 63 | 10.09.2025 | Излезе од печат книгата со афоризми и мисли за љубовта “Мудрословни мудропосланија” од Зоран Котевски |
| 64 | 19.09.2025 | Свечено отворање на Спомен собата – Музеј на Радио Демир Хисар |
| 65 | 24.09.2025 | Манифестација по повод “ПХВ неделата” во организација на ОО Црвен крст Демир Хисар |
| 66 | 25.09.2025 | Кино проекција на филмот “Железна тврдина” во организација на Центар за креативни индустрии “Небо” |
| 67 | 26-27.09.2025 | Мултимедијална манифестација “Виктор – силата на спомените” во организација на Здружението на граѓани “Виктор Илиовски” |
| 68 | 27.09.2025 | Настап на КУД “Илинден” Демир Хисар на Детските фолклорни смотри на СОФАМ - Западен регион во Ресен |
| 69 | 28.09.2025 | Учество на членови на ЛК “Изгрев” на Поетската манифестација “Втори Поречки средби” во Македонски брод |
| 70 | 29.09.2025 | Театарска претстава “Пинокио” во изведба на Весел театар Прилеп |
| 71 | 04.10.2025 | Учество на членови на ЛК “Изгрев” на Поетската манифестација “Тиквешки цветови” во Кавадарци |
| 72 | 05.10.2025 | Учество на членови на ЛК “Изгрев” на Поетската манифестација “Ѕвездите светат бесконечно” во организација на Книжевен кружок Крушево |

| | | |
|---|---|---|
| 73 | 11.10.2025 | “Одек низ векови” – Годишен концерт на детските ансамбли на КУД “Илинден” Демир Хисар |
| 74 | 12.10.2025 | “Одек низ векови” – Годишен концерт на КУД “Илинден” Демир Хисар |
| 75 | 15.10.2025 | Манифестација по повод одбележувањето на “Розов октомври – месец на подигнувањето на свеста за женското здравје” во организација на Здравствен дом Демир Хисар и Општина Демир Хисар |
| 76 | 17.10.2025 | Литературен конкурс за краток расказ по повод Месецот на книгата |
| 77 | 31.10.2025 | Реализација на акцијата “Подарок книга за секој ученик во општинските училишта” во соработка со роднокрајниот писател Раде Силјан и издавачката куќа “Матица Македонска” во рамки на одбележувањето на Месецот на книгата |
| 78 | 07.11.2025 | Излезе од печат книгата “Потрага по вистински живот” од Мони Вало во издаваштво на Дом на културата “Илинден” Демир Хисар |
| 79 | 11.11.2025 | Изложба “Меѓународна ликовна колонија Кавадарци - Михајлово” |
| 80 | 12.11.2025 | Посета на учениците од Детската организација од ООУ “Гоце Делчев” Демир Хисар на НБ “Петре М. Андреевски” по повод Месецот на книгата и Спомен собата – Музеј на Радио Демир Хисар |
| 81 | 13.11.2025 | Манифестација – Едукативни предавања во рамки на одбележувањето на 14 ноември – Светскиот ден на дијабетот во организација на Здружението “Сончева светлина” Демир Хисар |
| 82 | 14.11.2025 | Поделени се ваучери за бесплатно членство во НБ “Петре М. Андреевски” на сите првооделенци во општинските основни училишта во рамки на одбележувањето на Месецот на книгата |
| 83 | 14-16.11.2025 | Учество на Семинар за фолклор “Традиција и стилизација” во организација на Сојуз на фолклорни ансамбли на Македонија во Кратово |
| 84 | 15.11.2025 | Манифестација на доделување на признанија и читање на наградените творби од Литературниот конкурс за краток расказ по повод Месецот на книгата |
| 85 | 18.11.2025 | Промоција на дела од членови на ЛК “Изгрев” и поетско читање во рамки на активностите по повод Месецот на книгата во ООУ |

| | | |
|---|---|---|
| | | “Кирил и Методиј” с.Бучин |
| 86 | 20.11.2025 | Ноемвриска изложба на Друштвото на ликовни уметници од Битола |
| 87 | 27.11.2025 | Настап на КУД “Илинден” Демир Хисар на Фестивалот на костенот во Македонски брод |
| 88 | 28.11.2025 | Ликовна изложба “Низ четката на преспанските уметници” |
| 89 | 07.12.2025 | Учество на КУД “Илинден” Демир Хисар на Регионалните фолклорни смотри на СОФАМ во Охрид |
| 90 | 16.12.2025 | Доделени се наградите за најдобри читатели во НБ “Петре М. Андреевски” за 2025 година |
| 91 | 27.12.2025 | Детска театарска претстава “Новогодишниот часовник” во изведба на актерите од Едукативен центар “Едусфера” од Битола и Новогодишен хуманитарен базар во соработка со Општина Демир Хисар и општинските основни училишта |

# Преглед на активности и настани во Домот на културата за 2025 год. по месеци

## ЈАНУАРИ

- 01.01. – Нова година /државен празник/ – (неработен ден)
- 02 и 03.01. – Редовни активности во Домот на културата (издавање и прием на книги, средување на документација, тековни обврски)
- 04 и 05.01. – Сабота и недела (неработни денови)
- 06.01. – Бадник /државен празник/ – (неработен ден)
- 07.01. – Божик /државен празник/ – (неработен ден)
- 08 - 10.01. – Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација, тековни обврски), изготвување на годишните извештаи за минатата 2024 година и планот за работа за тековната 2025 година
- 11 и 12.01. – Сабота и недела (неработни денови)
- 13 - 17.01. – Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација, тековни обврски), изготвување на годишните извештаи за минатата 2024 година и планот за работа за тековната 2025 година
- 17.01. – Организирана е прослава со КУД "Илинден" по повод Василица – Стара нова година
- 18.01. – Сабота (неработен ден)
- 19.01. – Богојавление – Водици /државен празник/ – (неработен ден)
- 20 – 24.01. – Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација, тековни обврски), изготвување на годишните извештаи за минатата 2024 година и планот за работа за тековната 2025 година
- 25 и 26.01. – Сабота и недела (неработни денови)
- 27 - 30.01 – Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација, тековни обврски), изготвување на годишните извештаи за минатата 2024 година и планот за работа за тековната 2025 година
- 31.01. – Објавен е Литературниот конкурс за поезија за поетската манифестација "Виното и љубовта". Поетското читање и доделувањето на наградите е закажано за 13-ти февруари

## ФЕВРУАРИ

- 01 и 02.02. – Сабота и недела (неработни денови)
- 03.02. – Излегоа резултатите од Годишниот конкурс на Министерството за култура и туризам за поддршка на проекти во 2025 година. Добивме 8 проекти од кои: 2 за фолклорна дејност, 1 за музичка дејност, 1 за литературна дејност, 1

за драмска дејност, 1 за визуелни уметности, 1 за музејска дејност и 1 за библиотечна дејност

- 04 - 07.02. – Редовни активности во Домот на културата (издавање и прием на книги, средување на документација, почистување и средување на просториите, изготвување на годишните извештаи за минатата 2024 година и планот за работа за тековната 2025 година
- 08 и 09.02. – Сабота и недела (неработни денови)
- 10.02. – Направен е дизајн и испечатен е рекламниот материјал и благодарниците за учество за престојната поетска манифестација “Виното и љубовта”, Подготовка на Фоајето за одржување на престојната манифестација “Виното и љубовта” (поставување на озвучување и сценографија)
- 11 и 12.02. – Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација, тековни обврски), изготвување на годишните извештаи за минатата 2024 година и планот за работа за тековната 2025 година
- 13.02. – Со почеток во 12 часот се одржа манифестацијата “Виното и љубовта” на која учество зедоа поети од Л.К. Изгрев, ученици од општинските училишта
- 14.02. – Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација, тековни обврски), изготвување на годишните извештаи за минатата 2024 година и планот за работа за тековната 2025 година, закажана е седница на Управниот одбор и за истата се поделени поканите и материјалите за работа
- 15 и 16.02. – Сабота и недела (неработни денови)
- 17.02. – Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација, тековни обврски)
- 18.02 – Одржана е седница на Управниот одбор на Дом на културата “Илинден” Демир Хисар
- 19 и 20.02 – Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација, тековни обврски)
- 21.02. – Објавен е Литературниот и ликовниот конкурс по повод 8-ми март Интернационалниот празник на жената, Манифестацијата на која ќе се читаат наградените творби, ќе биде поставена ликовната изложба и ќе се доделат наградите е закажана за 7-ми март
- 22 и 23.02. – Сабота и недела (неработни денови)
- 24.02. – Одржан е прв состанок со кореографот на КУД “Илинден” Демир Хисар Александар Стефановски со кој е договорена соработката за тековната година и е договорен почетокот на пробите, планот за работа и целите на друштвото за тековната година
- 25.02. – Одржан е состанок со режисерот на Драмското студио при Домот на културата “Илинден” Благој Николов – договор за почеток на проби и објавена е аудицијата за улоги во новата претстава “Бегај еве ја жена ти”
- 26.02. – Одржан е состанок со прва група при КУД “Илинден” Демир Хисар со кои е договорено да започнат уписите во друштвото на 01.03 а воедно и пробите и истовремено се утврдени тимот кој ќе работи во друштвото, активностите и

целите за тековната година, во фоајето на домот направени се подготовките за утрешната свеченост по повод празнувањето на 65 годишниот јубилеј на институцијата (поставување сценографија, озвучување, коктел и сл.)

- 27.02. – Во фоајето на Домот на културата “Илинден” Демир Хисар одржана е пригодна свеченост со гости и надворешни соработници по повод 65 годишнината од основањето на институцијата
- 28.02. – Пристигнаа првите порачани нови наслови на книги за НБ “Петре М. Андреевски”, Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација, тековни обврски)

## МАРТ

- 01.03. – (сабота) – Упис на членови и прва проба на КУД “Илинден” Демир Хисар со сите возрасни групи
- 02.03 – Недела (неработен ден)
- 03.03. – Подготовки за манифестацијата по повод Интернационалниот ден на жената (8-ми март), дизајн и изработка на постер, печатење на благодарници, дипломи за учество, објава на социјалните мрежи за манифестацијата, Одржана е работна средба со претставници на ООЦК со кои е договорен настанот по повод 80 годишниот јубилеј на Црвениот крст на Македонија кој ќе се одржи во фоајето на Домот на културата на 11-ти март
- 04 и 05.03 - Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација, тековни обврски)
- 06.03 – Подготовки за утрешната манифестација по повод Интернационалниот ден на жената (8-ми март) – поставување на сценографија и озвучување во Фоајето на Домот на културата, поставување на изложбата произлезена од ликовниот конкурс по повод празникот
- 07.03. – Во фојаето на Домот на културата “Илинден” Демир Хисар со почеток во 12 часот, се одржа Манифестација по повод Интернационалниот ден на жената (8-ми март). На манифестацијата беа доделени признанијата и наградите од литературниот и ликовниот конкурс, беа прочирани наградените творби и присутните можеа да ја разгледаат поставената изложба на цртежи од ликовниот конкурс
- 08.03. – (сабота) – Проби на КУД “Илинден” Демир Хисар
- 09.03. – Недела (неработен ден)
- 10.03. – Подготовки за утрешната манифестација по повод 80 годишниот јубилеј на Црвениот крст на Македонија – поставување на сценографија и озвучување во Фоајето на Домот на културата, поставување на изложбата на фотографии од волонтерите на ООЦК
- 11.03. – Во фоајето на Домот на културата со почеток во 12 часот се одржа манифестацијата по повод 80 годишниот јубилеј на Црвениот крст на Македонија во организација на ООЦК

- 12.03. – Договорено е учеството на КУД “Илинден” Демир Хисар и промоцијата на Општина Демир Хисар на телевизиската емисија “Везилка” на ТВ Алфа која ќе се снима на 28.03 во студиото на ТВ Алфа
- 13.03. – Одржана е работна средба со директорот и музичкиот соработник од НУ “Манифестација Смилевски конгрес” по повод одржувањето на Манифестацијата “Денови на Смилевскиот конгрес” во месец мај
- 14.03. – Општинските основни училишта се известени и јавно е објавено известувањето за одржувањето на Општинскиот натпревар “Млади библиотекари” за на 23-ти април во просториите на Домот на културата “Илинден”
- 15.03. – (сабота) – Проби на КУД “Илинден” Демир Хисар
- 16.03. – Недела (неработен ден)
- 17 – 21.03. – Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација, тековни обврски) – Предвидените активности поради трагедијата во Кочани се откажани
- 22 и 23.03. – Сабота и недела (неработни денови)
- 24.03. – Одржан е онлајн состанок на платформата Зум со членките на Сојузот на фолклорни ансамбли на Македонија од западниот регион, исконтактирани се и направен е договор со сите учесници КУД – ови на претстојниот фестивал “Велигденски фолклорни средби” кој ќе се одржи на 13 април во Демир Хисар
- 25.03. – Направен е дизајн и испечатен е рекламниот материјал за претстојниот фолклорен фестивал “Велигденски фолклорни средби”, Порачани се нови наслови на книги и лектирни изданија за НБ “Петре М. Андреевски”, извршена е презентација на Годишниот извештај за 2024 и Планот за работа на Домот на културата “Илинден” Демир Хисар за 2025 година пред општинската комисија за финансии и општи дејности
- 26.03 - Излезе од печат детската сликовница “Среќа со панделка” од Лидија Крстевска, член на ЛК “Изгрев” Демир Хисар во издаваштво на Дом на културата “Илинден” Демир Хисар, одржана е проба на КУД “Илинден” Демир Хисар за претстојното гостување во емисијата “Везилка” на ТВ Алфа
- 27.03 – Работна средба со директорката на Детската градинка Демир Хисар по повод одбележувањето на 2-ри април – Светскиот ден на литературата за деца, договорено е промоција и презентација на детската сликовница “Среќа со панделка” од Лидија Крстевска, член на ЛК “Изгрев” Демир Хисар во издаваштво на Дом на културата “Илинден” Демир Хисар пред големата група во детската градинка, Одржана е генерална проба на КУД “Илинден” Демир Хисар за претстојното гостување во емисијата “Везилка” на ТВ Алфа
- 28.03. – Учество на КУД “Илинден” Демир Хисар во снимањето на емисијата “Везилка” на ТВ Алфа
- 29 и 30.03. – Сабота и недела (неработни денови)

## АПРИЛ

- 01.04. – Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација, тековни обврски)
- 02.04. – Одбележан е 2-ри април (Светскиот ден на литературата за деца) заедно со децата од големата група од Детската градинка пред кои беше промовирана и презентирана детската сликовница "Среќа со панделка" од Лидија Крстевска, член на ЛК "Изгрев" Демир Хисар во издаваштво на Дом на културата "Илинден" Демир Хисар. На присутните дечиња авторката им подари по еден примерок од сликовницата и панделки за среќа
- 03.04. – Распишан е Литературниот конкурс за поезија по повод Светскиот ден на книгата и авторското право
- 04.04 – Реализирана е работна пролетна акција за чистење и уредување на дворната површина на Домот на културата
- 05 и 06.04. – (сабота и недела) – Проби на КУД "Илинден" Демир Хисар
- 07.04. – Одржана е работна средба со локалниот уметник Благоја Секуловски и договорено е поставување на неговата изложба со скулптури во Фоајето на Домот на културата за 15-ти април, одржана е средба со претставници на Здружението на пензионери со кои е договорено одржувањето на регионалниот пензионерски настан "23-та Пензионерска ревија на песни, музика и игри Демир Хисар 2025". За двата настани е направен дизајн и испечатен е рекламен материјал
- 08 – 10.04. - Редовни активности (издавање и прием на книги, средување на документација, тековни обврски), подготовки за престојните настани во месец април
- 11.04. – Одржани се генерални проби на КУД "Илинден" Демир Хисар за престојното учество на фолклорниот фестивал "Велигденски фолклорни средби" во Демир Хисар, направени се првичните контакти со Фолклорниот фестивал "Фолклорни нијанси" од Бугарија за учество на КУД "Илинден" Демир Хисар на фестивалот кој ќе се одржи во текот на месец јули
- 12.04. – (сабота) – Последни подготовки за престојниот фолклорен фестивал (поставување на сценографија, распоред на соблекувални за гостите – учесници, обезбедување на храна и пијалоци, дефинирање на програма, уредување на платото пред Домот на културата и сл.)
- 13.04. – (недела – празник Цветници) – на платото пред Домот на културата "Илинден" Демир Хисар се одржа 8-мото издание на националниот фолклорен фестивал "Велигденски фолклорни средби" на кој учество зедоа: КУД "Илинден" Демир Хисар, КУД "Илинден" Битола, ФА "Гоце Делчев" Битола, КУД "Рацин" Кичево, КУД "7-ми Септември" Македонски Брод, КУД "Брвеница" Брвеница, ЗФГ "Копачка" Делчево и КУД "Мирка Гинова" Демир Капија. На фестивалот учество зедоа околу 300 учесници, а истиот го проследија околу 400 посетители, вљубеници на фолклорот и изворната музика

- 14.04 – Поставување на изложбата со скулптури на Благоја Секуловски во Фоајето на Домот на културата, поставување на сценографија и озвучување во големата сала на Домот на културата за манифестацијата "23-та Пензионерска ревија на песни, музика и игри Демир Хисар 2025"
- 15.04. - Отворање на изложбата со скулптури на Благоја Секуловски во Фоајето на Домот на културата
- 16.04. – Во големата сала на Домот на културата "Илинден" се одржа регионалната манифестација "23-та Пензионерска ревија на песни, музика и игри Демир Хисар 2025" на која учество зедоа Здруженијата на пензионери од Демир Хисар, Битола, Прилеп и Крушево
- 17.04. – Договорено е гостувањето на Театар Хит од Скопје со детската театарска претстава "Шумската принцеза" за 25-ти април, за истата направен е дизајн и испечатен е рекламен материјал
- 18.04. – Велики Петок - Велигден /државен празник/ – (неработен ден)
- 19.04. – Сабота (неработен ден)
- 20 и 21.04. – Велигден /државен празник/ - (неработен ден)
- 22.04. – Одржани се проби на прва и втора група при КУД "Илинден" за престојните настапи на Меѓународниот детски фолклорен фестивал "Весел Петок" во Битола на 24 и 26 април
- 23.04. - Организиран е Општинскиот натпревар "Млади библиотекари" во Домот на културата "Илинден". Победник на натпреварот е Ивана Нешкоска, ученик во 7-мо одделение од ООУ "Гоце Делчев" од Демир Хисар која ќе ги претставува Домот на културата "Илинден" и Општина Демир Хисар на Републичкиот натпревар "Млади библиотекари" кој ќе се одржи на 9 мај во Библиотеката "Кочо Рацин" во Кичево
- 24.04. – Настап на втората група од детскиот ансамбл при КУД "Илинден" Демир Хисар на првиот ден од Детскиот фолклорен фестивал "Весел петок" во Битола
- 25.04. – Во големата сала на Домот на културата се одржа детската театарска претстава "Шумската принцеза" во изведба на актерите од Театар Хит од Скопје. На претставата присуствуваа 295 ученици од одделенска настава од општинските основни училишта и ООУ "Кирил и Методиј" од с.Бучин, како и големите групи од Детската градинка од Демир Хисар
- 26.04. – (сабота) – Настап на првата група од детскиот ансамбл при КУД "Илинден" Демир Хисар на третиот ден од Детскиот фолклорен фестивал "Весел петок" во Битола
- 27.04. – Недела (неработен ден)
- 28.04. – Поднесена е Пријавата за учество на КУД "Илинден" Демир Хисар за овогодинешното 55-то издание на Републичкиот фолклорен фестивал "Илинденски денови" во Битола, Излезе од печат книгата "Демирхисарски гордости" од Проф. Д-р Менде Солунчевски, член на ЛК "Изгрев" Демир Хисар во издаваштво на Дом на културата "Илинден" Демир Хисар

- 29.04. – Пристигнаа 15 пакети со книги – Донација од НУБ “Св. Климент Охридски” Скопје, поставување на сценографија и озвучување и одржани се проби на учениците од ООУ “Гоце Делчев” Демир Хисар за Манифестација по повод нивниот патронен празник
- 30.04. – Одржана е родителска средба со родителите од највозрасната група при КУД “Илинден” Демир Хисар на која се презентираше планираната турнеја на КУД “Илинден” Демир Хисар во Република Бугарија во текот на месец јули, Редовни активности во Домот на културата (издавање и прием на книги, средување на документација, тековни обврски), одржани се проби на учениците од ООУ “Гоце Делчев” Демир Хисар за Манифестација по повод нивниот патронен празник

## МАЈ

- 01.05. – Ден на трудот /државен празник/ – (неработен ден)
- 02.05. – Во големата сала на Домот на културата се одржа Манифестација по повод патрониот празник на ООУ “Гоце Делчев” Демир Хисар, присуство на Манифестацијата “Денови на Смилевскиот конгрес” во Смилево во организација на НУ “Манифестација Смилевски конгрес”
- 03.05. – (сабота) – Проби на КУД “Илинден” Демир Хисар, присуство на Манифестацијата “Денови на Смилевскиот конгрес” во Смилево во организација на НУ “Манифестација Смилевски конгрес”
- 04.05. – Недела (неработен ден)
